Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Скопје, јуни 2026

ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ
ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
ЕСЈН

# ИЗВЕШТАЈ



# ЗА ЦРВЕНИ ЗНАМЕНЦА 2025

# ИЗВЕШТАЈ ОД ВОСПОСТАВЕНИ ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

## ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2025

Скопје, јуни 2026

# Содржина


Вовед ____ 5

Начин на анализа и методологија ____ 6

1. Фаза на планирање, подготовка и оглас ____ 7

1.1. Годишен план за јавни набавки (рок, број на измени, најголеми измени) _7

1.2. Договорни органи со најмногу измени на огласот и тендерската документација ____ 11

1.3. Постапки со најголем број на поставени прашања од страна на Економските оператори пред јавно отворање ____ 14

1.4. Договорни органи/ огласи каде квалитет се оценува со елементи од техничка и професионална способност ____ 17

2. Тек на постапка и евалуација ____ 27

2.1. Договорни органи со најголем процент на тендери со една понуда ____ 27

2.2. Договорни органи со најголем број на огласи со една прифатлива од повеќе поднесени понуди ____ 29

2.3. Договорни органи со најмногу измени во проценетата вредност на објавените огласи ____ 30

2.4. Огласи со најголеми (вредносни) измени во проценетата вредност ____ 31

3. Фаза на доделување на договор и жалби ____ 36

3.1. Договорни органи со најмногу поништени постапки ____ 36

3.2. ДО со најмногу обжалени постапки ____ 38

3.3. Понудувачи со најмногу поднесени жалби ____ 39

3.4. Договорни органи со најмногу огласи каде е користен критериумот најдобар однос цена/квалитет и доделен договор на ист понудувач ____ 40

3.5. Понудувачи со најмногу склучени договори кога изборот се прави со користење на критериумот цена/квалитет ____ 42

3.6. Договорни органи со најмногу склучени договори со преговарање без објавување на оглас ____ 44

3.7. Најголеми склучени договори по спроведени постапки со преговарање без објавување на оглас ______ 46

3.8. Индикатор - ДО кои не почитувале рокови за одлука ______ 51

4. Аукции ______ 55

4.1. ДО со најмногу огласи каде имало конкуренција а немало намалување на е-аукција ______ 56

4.2. ДО со најмногу објавени огласи со е-аукција каде има само една понуда чија вредност е +/-10% од проценетата вредност на ДО ______ 57

4.3. Понудувачи со најмногу учества во е-аукции и каде ја намалуваат првично поднесената понуда за повеќе од 50% ______ 58

4.4. Листа на договорни органи кои сеуште користат аукции во голем процент од спроведените постапки ______ 59

5. Колузија и договарање ______ 61

5.1. Висок процент на концентрација на доделени договори за јавни набавки кај еден понудувач за поединечни ДО (по вредност на склучени договори) ______ 61

5.2. Ефикасност за учество на понудувачи на пазарот на ЈН/ефикасност за учество на понудувачи кај конкретен ДО ______ 74

5.3. Економски оператори кои се регистрирале на ЕСЈН во краток период пред добивање на договори од висока вредност ______ 78

5.4. Договорни органи со најмногу повлечени жалби ______ 81

6. Реализација на договор ______ 86

6.1. Договорни органи со најмногу измени на склучените договори ______ 86

7. Договорни органи со забележани отстапувања од национален просек ______ 89

8. Индикаторите како алатка за подобрени практики во јавните набавки ______ 98

# Вовед

Бирото за јавни набавки во рамките за своите надлежности кои произлегуваат од член 45, став (1) од Законот за јавните набавки ( „Службен весник на РМ“ бр.24/19, „Службен весник на РСМ“ бр.87/21 и 14/25), го следи и анализира функционирањето на системот за јавни набавки, обработува статистички податоци за спроведените набавки, врши анализа, подготвува извештаи и иницира промени за подобрување на системот на јавните набавки.

Врз основа на статистичките податоци добиени од Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и базата на имплементирани извештаи (Red Flags- Црвени знаменца), Бирото за јавни набавки (БЈН) врши анализи и изготвува Извештаи со цел следење на ризиците во јавните набавки и потенцирање на можни коруптивни практики при спроведувањето на постапките.

Во овој извештај се претставени податоци за 2025 година. Опфатените податоци се однесуваат на договорни органи, економски оператори и постапки каде се забележани најголеми отстапувања или имаат најлоши резултати по основ на претходно утврдени параметри.

Бирото ги објавува Извештаите на својата веб страница, а истите ги проследува до Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција и до Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел понатамошни анализи, евентуално постапување и/или преземање на дополнителни активности. Бирото стои на располагање за доставување на извештаите како и други дополнителни податоци и анализи и до останати надлежни институции (Управа за финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, МВР-Единица за економски и компјутерски криминал, Јавни обвинителства, Судови и др).

Напоменуваме дека статистичката база на ЕСЈН и базата на имплементирани RedFlags извештаи обработуваат податоци кои се внесуваат и прикачуваат на ЕСЈН од страна на корисниците при спроведувањето на постапките. Оттаму, одговорноста за точноста и веродостојноста на податоците ја сносат самите корисници на Електронскиот систем за јавни набавки (договорни органи и економски оператори).

# Начин на анализа и методологија

Главна предност при подготовката и анализата на податоците добиени од „Црвените знаменца" се достапноста и обемот на податоците кои се прибираат и складираат на ЕСЈН. Базата на податоци на ЕСЈН претставува уникатна можност за креирање на структура на индикатори кои понатаму се дефинираат во алатки за потенцијални ризици (црвени знаменца) и користат за маркирање на „ризични" постапки за јавни набавки. Извештаите и структуираните податоци и показатели во никој случај не претставуваат постоење на корупција, туку врз основа на нив може да се покренат наредни чекори – како на пример управна контрола од страна на БЈН, активности од страна на ДКСК, ревизија од страна на ДЗР итн. Само преку овие чекори и со понатамошни анализи ќе може да се одвои грешката/непознавањето од корупцијата во јавните набавки.

Значи, Црвените знаменца претставуваат само индикација за потребата од понатамошни мерки за „маркираните" договорни органи и постапки, како и проверка од каков тип е недоследноста што ја даваат податоците и дали се потребни останати корективни акции.

Која методологија се користи и каков е начинот на подготовка и анализа?

а) ЕСЈН поседува значителна база на податоци и има имплементирано Business Intelligence (BI) систем на обработка на податоци. Целокупната база е во структуиран формат и може да биде лесно моделирана и анализирана.

б) БЈН поседува 24 алатки врз основа на кои има листа на 36 индикатори (и поголем број на под-индикатори). Се селектираат дадените индикатори кои ќе се користат, се потврдува дека базата ги има достапни релевантните податоци и податоците се моделираат врз основа на индикаторите.

в) Развиени се алгоритми (директно пристапуваат до базата и ја обработуваат врз основа на пре-дефинирани параметри) како дополнување на индикаторите, и во моментов се воспоставени 24 алатки/листи за Црвени знаменца (обработени детално во Извештајот), кои што во континуитет ќе се подобруваат и развиваат.

г) Некои од индикаторите се целосно автоматизирани, но за некои е потребно анализа од страна на човечки фактор со цел да се исклучат „лажно негативните" резултати и да се добијат колку што може повеќе објективни и релевантни податоци и наоди.

д) Со финалните резултати се подготвуваат Извештаите и истите се користат за управна контрола врз основа на проценка на ризик од страна на БЈН и се доставуваат до горенаведените институции.

# 1. Фаза на планирање, подготовка и оглас

## 1.1. Годишен план за јавни набавки

(рок, број на измени, најголеми измени)

### Чести измени на годишните планови за јавни набавки

Големиот процент на измена во годишните планови може да претставува индикатор за лошо и ненавремено менаџирање на потребите и антиципирање на потребните средства. Честите промени на планираните набавки покрај што доведуваат до намалување на довербата кај економските оператори и јавноста, може да бидат и показател за можни коруптивни елементи и субјективизам за потребата од набавката која претходно не била планирана или воопшто не е потребна (особено во случаи на промена на одговорно лице или поголеми организациски промени кај договорниот орган) или честите промени на потребите или почетокот на постапките доведуваат до повластен третман на одредени економски оператори (потенцијално нарушување на конкуренцијата и еднаквиот третман).

### Договорни органи со најголеми промени во плановите

Во табелата 1.1.1 е прикажана листа на договорни органи според категорија со најголеми и суштински измени во плановите, односно кои направиле суштински измени (додавање нови или бришење на планирани постапки) во бројот на постапките внесени во првичната објава споредено со последната верзија на годишниот план за 2025 година.

*Табела 1.1.1*

| Државни органи |
|---|
| Агенција за остварување на правата на заедниците |
| Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола |
| Геолошки завод на Република Северна Македонија |
| Агенција за квалитет во високото образование |
| Основен суд Кавадарци |
| Основен суд Прилеп |

| |
|---|
| Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| Основен суд Битола |
| Апелационен суд Скопје |
| **Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје** |
| Општина Сопиште |
| Општина Желино |
| Општина Тетово |
| Општина Вевчани |
| Општина Шуто Оризари |
| ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ |
| Општина Арачиново |
| Општина Врапчиште |
| Општина Брвеница |
| Општина Градско |
| **Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 9 став 1 алинеја б) од законот** |
| ЈП Службен весник на Република Северна Македонија |
| Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје |
| ОУ Блаже Коневски - Скудриње |
| ОУ Св. Наум Охридски - Пештани, Охрид |
| ОУ Страшо Пинцур с.Соколарци |
| ОУ Кочо Рацин Охрид |
| ООУ „Круме Волнароски“ - Прилеп |
| Центар за развој на Вардарски плански регион - Велес |
| ЈП СИЗ ЖАБЕНИ Битола |
| ОУ„МИРЧЕ АЦЕВ„ - Скопје |
| **Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи** |

| |
|---|
| / |
| **Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од секторските дејности** |
| Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување АКЦИОС Скопје |
| ЈП Водовод и канализација - Скопје |
| Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост |
| Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ |
| Јавно претпријатие за водостопанство ЛИСИЧЕ-Велес |
| АД МЕПСО |
| Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје |
| **Правни лица кои вршат секторска дејност врз основа на посебно или ексклузивно право** |
| / |

## Договорни органи со најголем број на направени измени (верзии) на годишниот план

Во табела 1.1.2 е прикажана листа на договорни органи кои имале над 12 измени во годишниот план за 2025 година, односно над 12 објавени верзии на планот во кои направиле измена.

*Табела 1.1.2*

| Договорен орган | Број на верзии на год. план за ЈН |
|---|---|
| Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | 20 |
| СОУ Димитар Влахов - Струмица | 18 |
| Општина Карпош | 17 |
| ЈЗУ Клиника за детски болести | 17 |
| Општина Шуто Оризари | 15 |
| Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје | 14 |
| Општина Куманово | 13 |
| Општина Петровец | 12 |

| Договорен орган | Број на верзии на год. план за ЈН |
| --- | --- |
| Општина Боговиње | 12 |
| Општина Делчево | 12 |
| АД МЕПСО | 12 |
| ЈЗУ Универзитетска Клиника за Пластична и Реконструктивна Хирургија | 12 |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија | 12 |

*Споредено со претходните години,* ***одредени Договорни органи во континуитет имаат значителен број на промени*** *, односно често ги менуваат плановите за јавни набавки.*
***Општина Карпош*** *во 2025 година направила 17 измени, во 2024- 16 измени, додека во 2023 -19 верзии на годишниот план.*
*Договорниот орган* ***АД МЕПСО****, во 2025 година имал 12 пати промена на планот, во 2024 -13 измени, во 2023-15 измени.*
***Општина Куманово*** *направила 13 измени на планот од 2025 година, исто така и во 2024 година направени се 13 верзии на планот, а во 2023- 8 измени.*

## Договорни органи кои најдоцна објавиле план за јавни набавки

Доцнењето со објавата на годишните планови за јавни набавки може да претставува индикатор за лоша организациона поставеност на договорниот орган. За почитување на законската обврска односно објавување на годишниот план по утврдениот законски рок, предвиден е и прекршок во Член 181 став (1) точка 3 од законот.

Необјавувањето на плановите за јавни набавки ја намалува транспарентноста и увидот во конкретните потреби на договорниот орган. Во исклучителни случаи постои ризик од можни коруптивни сценарија преку објавување на планот/или конкретна набавка во планот непосредно пред објавувањето на огласот. На ЕСЈН е имплементиран механизам при што договорниот орган не може да објави оглас доколку потребата за предметната набавка не е внесена во годишниот план за јавни набавки. Во табела 1.1.3 е прикажана листа на договорни органи кои најмногу задоцниле со објавувањето на годишниот план за јавни набавки на ЕСЈН (го објавиле многу подоцна од законски предвидениот рок - 31.01 тековната година).

Напомена: Доколку договорните органи НЕМААТ набавки, задолжително до 31.01 пополнуваат и објавуваат на ЕСЈН годишен план без набавки.

*Табела 1.1.3*

| Договорен орган | Дата на објавен год.план за 2025 година |
| --- | --- |
| О.У РИЛИНДИЈА с.Лојане | 10.10.2025 |
| ЈП Национална радиодифузија - Скопје | 06.08.2025 |
| ООУ Атанас Нивичански Нова Маала | 25.07.2025 |
| ЈПКД Облешево-Облешево | 07.04.2025 |
| Факултет за ликовни уметности | 28.03.2025 |
| Јавно претпријатие за стопанисување со спортски и деловни објекти ШКУПИ ВЈЕТЕР Скопје | 25.03.2025 |
| Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола | 04.03.2025 |
| ОУ„Петар Здравковски -Пенко„-Бутел, Скопје | 03.03.2025 |
| ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ | 03.03.2025 |
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар | 27.02.2025 |
| ОУ Даме Груев Битола | 26.02.2025 |
| ЈП Комунална хигиена Скопје | 26.02.2025 |
| ЈКП Сопиште | 21.02.2025 |
| Јавна Установа Национален парк Пелистер-Битола | 19.02.2025 |
| Музеј на град Кратово | 17.02.2025 |
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово | 14.02.2025 |
| Друштво за производство,дистибуција и снабдување со топлинска енергија ЕСМ Топлификација Битола ДООЕЛ с. Новаци | 13.02.2025 |
| Дом на култура„Лазар Софијанов„ Кратово | 13.02.2025 |
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кичево | 12.02.2025 |

## 1.2. Договорни органи со најмногу измени на огласот и тендерската документација

Подготвувањето на квалитетни тендерски документации и технички спецификации е особено важно во процесот на успешно спроведување на јавните набавки. Тендерски документации кои не се детални и јасни најчесто го одолговлекуваат процесот, често доведуваат до обжалување на постапките, зголемување на трошоците и незадоволување на вистинските потреби на договорните органи. Оттаму, претходното истражување на пазарот, а особено за специфични предмети на набавки е нужно. Иако најчесто се користи за многу специфични набавки за кои нема доволно познавања за изработка на техничките

спецификации, сепак недоволно е користењето на Претходното истражување на пазарот, а со цел квалитетен понатамошен процес, избегнување на неколкукратни промени на документацијата, и исход на поништување поради битни пропусти во тендерската документација или немање на понуди. Истовремено, користењето на претходното истражување ја намалува можноста од изготвување на фаворизирачки тендерски документации, а економските оператори се рамноправно вклучени во давање на својот професионален придонес.

Од анализата направена на податоците во модулот Проверка на пазарот - објавени технички дијалози, може да се констатира дека економските оператори не се заинтересирани да даваат свои предлози и коментари и многу малку учествуваат во техничките дијалози.

Од друга страна констатирано е и објава на технички дијалози од страна на договорните органи на набавки за кој и однапред се знае дека нема конкуренција и се работи за затворен систем на набавки, за кои треба да се користи постапка со преговарање без објавување на оглас. Бидејќи се работи за значителни финансиски средства, на овој начин договорните органи користат оправдување дека обезбедиле двојна транспарентност, една при објава на Технички дијалог, а друга со објава на огласот за јавна набавка.

Честите измени на огласот и тендерската документација се важен индикатор за неправилности при подготовката истите или нарушување на начелата за јавни набавки. Овој индикатор може да претставува нарушување на процесот на јавната набавка и тоа во опсег од техничка грешка или ненамерен пропуст, па се до тенденциозно менување со цел бенефит да имаат одредени економски оператори (нарушување на конкуренција и еднаков третман).

Во табела 1.2 е прикажана листа на договорни органи кои направиле најмногу промени на огласите во однос на вкупниот број на огласи кои ги објавиле во 2025 година.

**Напомена: Во табелата се наведени договорни органи со најмногу објавени известувања за измени и дополнувања, без оглед на бројот на објавени огласи. Подредувањето е направено според процентот на изменети постапки.**

*Табела 1.2*

| Договорен орган | Број на постапки | Број на објавени измени и дополнувања | % на измени |
|---|---|---|---|
| **Министерство за внатрешни работи на РСМ** | 115 | 94 | 81,74% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавно претпријатие за државни патишта** | 126 | 67 | 53,17% |
| **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје** | 91 | 46 | 50,55% |
| **Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје** | 635 | 313 | 49,29% |
| **Министерство за одбрана** | 178 | 82 | 46,07% |
| **Општина Карпош** | 194 | 88 | 45,36% |
| **Министерство за транспорт** | 87 | 35 | 40,23% |
| **Град Скопје** | 86 | 34 | 39,53% |
| **АД МЕПСО** | 110 | 38 | 34,55% |
| **Народна банка на Република Северна Македонија** | 184 | 44 | 23,91% |
| **Општина Охрид** | 158 | 35 | 22,15% |
| **ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје** | 244 | 45 | 18,44% |

*Договорни органи со* ***висок процент на направени измени на огласите континуирано во последните години се*** *:*

*Акционерско друштво за производство на електрична енергија* ***ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост*** *, Скопје , со 44,34% во 2023, 63,14 % во 2024 и 49,29% во 2025 година.*

***Министерство за внатрешни работи на РСМ*** *, со 79,29% во 2023, во 2024 и 81,74% во 2025 година.*

***Општина Карпош*** *со 23,13% во 2023, 26,80% во 2024 и 45,36% во 2025 година.*

***Министерство за одбрана*** *со 27,44% во 2023, 41,03% во 2024 и 46,07% во 2025 година.*

## 1.3. Постапки со најголем број на поставени прашања од страна на Економските оператори пред јавно отворање

Како механизам за контрола и исправка на евентуалните нејаснотии во тендерските документации, економските оператори имаат законска можност за поставување на прашања пред јавното отворање. Сепак, големиот (непропорционален) број на поставени прашања за тендерската документација, говори дека постои некаков проблем со истата и е своевиден индикатор (црвено знаменце) за понатамошно постапување. Во табелата 1.3 е прикажана листа на постапки кај кои се поставени голем број на прашања пред јавното отворање (над 20) со податок дали тие постапки биле поништени, како и дали за истите е спроведено претходно истражување на пазарот преку ЕСЈН. Претходното истражување на пазарот може во значителна мера да придонесе за ефективно спроведување на јавната набавка и нејзин позитивен исход. Преку спроведување на технички дијалог економските оператори имаат можност да даваат забелешки на документацијата во фазата кога огласот сеуште не е објавен. Неспроведувањето на технички дијалог за постапка кај која има поставено голем број на прашања само го потенцира фактот дека кај тие постапки договорниот орган требал да спроведе подобро истражување на пазарот. Овој индикатор ги потенцира токму тие слабости, а може да се разгледува во контекст на претходниот индикатор 1.2, со цел да се добие целосна слика за договорните органи кои најчесто прават измени и добиваат прашања за објавена тендерска документација.

Напомена: Бројот на поставени прашања е извлечен како технички податок од базата на ЕСЈН (како апсолутен број на прашања преку соодветниот модул, без понатамошна обработка дали и од колку различни економски оператори се поставени). Оваа бројка е **реално и поголема** , со оглед на фактот што во еден запис во модулот, економските оператори многу често поставуваат и по повеќе од едно прашање.

*Табела 1.3*

**Легенда за табела 1.3:**
**1. Обжалена – ДА**
**2.1 Поништена – ДА**
**2.2 Поништена – ДА/НЕ (делови)**

| **Договорен орган** | Предмет на набавка | Тех. дијалог | Бр. на оглас | Прашања пред ЈО | 1 | 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Народна банка на Република Северна Македонија** | Градежни работи за доизградба на објектот на Народната банка на Република Северна Македонија | Не | 23424/2025 | 59 | | |
| **Општина Кисела Вода** | Доделување на договор за ЈПП за проектирање,финансирање,изградба,стопанисување на систем за јавно осветлување на територија на ОКВ | Не | 01468/2025 | 50 | | |
| **АД МЕПСО** | Реконструкција на 110 kV ДВ Гостивар - ТС Осломеј - Кичево - Сопотница - Битола 1 | Не | 11881/2025 | 43 | | 2.1 |
| **Министерство за внатрешни работи на РСМ** | Работна облека за приправници | Не | 02857/2025 | 40 | | 2.1 |

**Легенда за табела 1.3:**
**1. Обжалена – ДА**
**2.1 Поништена – ДА**
**2.2 Поништена – ДА/НЕ (делови)**

| Договорен орган | Предмет на набавка | Тех. дијалог | Бр. на оглас | Прашања пред ЈО | 1 | 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавно претпријатие за државни патишта** | Поставување на заштитна звучна ограда на одредени автопатски делници по должина на коридорите 8 и 10 (н.м. Ржаничино, н.м. Илинден и н.м. Катланово) | Не | 05289/2025 | 40 | | |
| **Ј.З.У.Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија Скопје** | Набавка на лабораториска опрема | Не | 20087/2025 | 35 | | |
| **Министерство за внатрешни работи на РСМ** | делови од униформа и теренска униформа со дополнителни делови и додатоци | Да | 17176/2025 | 35 | | |
| **Министерство за одбрана** | Рутери, свичеви и останата мрежна опрема | Не | 15629/2025 | 32 | | |
| **Универзитет св.Кирил и Методиј Медицински Факултет Скопје** | Медицинска и лабораториска опрема и надгледни средства | Не | 06086/2025 | 27 | | |

**Легенда за табела 1.3:**
**1. Обжалена – ДА**
**2.1 Поништена – ДА**
**2.2 Поништена – ДА/НЕ (делови)**

| **Договорен орган** | Предмет на набавка | Тех. дијалог | Бр. на оглас | Прашања пред ЈО | 1 | 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АД МЕПСО** | Замена на примарна опрема на Високонапонска опрема во трафостаници - 110 KV разделувачи | Не | 23871/2025 | 23 | | |
| **Министерство за транспорт** | Набавка на автобуси за јавен превоз и станици за полнење | Не | 10939/2025 | 23 | | |
| **Јавно претпријатие за државни патишта** | Противпожарна опрема за тунели и наплатни станици | Не | 13664/2025 | 23 | | |

Како што може да се констатира од податоците во табелата, **од сите наведени постапки само кај една има спроведено технички дијалог преку ЕСЈН** , а бројот на поставени прашања за сите овие постапки е поголем од 20 ! Ова само ја потврдува погоре споменатата констатација за потребата од истражување на пазарот.

## 1.4. Договорни органи/ огласи каде квалитет се оценува со елементи од техничка и професионална способност

Во табелата 1.4 се прикажани дел од постапките каде квалитетот се оценува со користење на елементи кои не се директно поврзани со предметот на набавка и се однесуваат на референци или искуство на понудувачот, што треба да биде предмет на оценка во делот на способност на економскиот оператор.

Во однос на употребата на критериумите за избор на најповолна понуда, потребно е од страна на надлежните институции да се разгледаат не само овде наведените, туку сите постапки кои користат економски најповолна понуда како

најдобар однос помеѓу цената и квалитетот. Следењето на употребата на овој критериум е дотолку поважно имајќи ја предвид Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027 година во рамки на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Имено, „Зајакнување на системот за јавни набавки“ претставува посебна Реформа во утврдената Област на политика 1: Управување/Реформа на јавна администрација и Управување со јавни финансии. Еден од дефинираните чекори во рамки на оваа Реформа, за периодот 2025-2027г. е:

- *Најмалку 25% од јавните набавки во вредност, да ги користат критериумите за економски најповолна понуда (ЕНП) - најдобар однос цена-квалитет или користење на пристапот на исплатливост.*

Бирото ќе преземе дополнителни активности насочени кон исполнување на преземените обврски и постигнување на чекорите од Реформската агенда, кои воедно треба да обезбедат и зајакнување на системот за јавни набавки.

Оттаму, особено е важно да се потенцираат слабостите и да се подобри состојбата во пракса во делот на погрешната примена на критериумите.

Од досегашните анализи, Бирото констатира дека е во пораст бројот на постапки каде истите се користат несоодветно, со елементи кои се нерелевантни, а во некои случаи и манипулативни за евалуација на квалитетот на поднесените понуди. Како реакција на растечкиот тренд на погрешна примена на законот, Бирото испрати циркуларно известување до сите договорни органи со укажување да се прекине оваа лоша пракса. Сепак, и покрај насоките и укажувањата на Бирото веќе неколку години се забележува повторување на погрешната примена на бодовите и евалуација на понудите според нерелевантни критериуми. Ова влијае врз ограничување на конкуренцијата и фаворизирање на одредени економски оператори. Најчеста лоша пракса е користење на искуството на економските оператори за бодување на квалитетот, наместо како критериум за утврдување на техничката и професионалната способност.

Генерални забелешки при прегледувањето на црвени знаменца за постапки каде е користен критериумот - најдобар однос цена/квалитет

1. Користење на елементи на критериумот квалитет кои не се директно поврзани со предметот на набавка, кои се нерелевантни, а во некои случаи манипулативни елементи за евалуација на квалитетот на поднесените понуди што влијае врз ограничување со конкуренцијата и фаворизирање на одредени економски оператори. Утврдени се случаи на бодување на вкупниот број на вработени кај економскиот оператор, бодување на вредноста на склучените договори (повисок износ на договор добива повеќе бодови без оглед како истиот е извршен), доделување на повеќе бодови за поголем број на склучени договори, несразмерно голем број бодови за мали разлики во понудениот квалитет и слично.
2. Мешање на критериумите за утврдување на способност и нивно користење како критериуми за квалитет. Ова е многу чест случај кај постапките за јавни

набавки. Преку бодување на ваквите критериуми многу често се доведува одреден понудувач во поповолна ситуација во однос на другите. Најчесто се бодува претходното искуство на економскиот оператор преку број на потврди за реализирани договори, односно референтна листа распределбата на бодовите се врзува за бројот на вработени лица, што претставува показател за капацитетот на економскиот оператор, а не нужно за квалитетот на конкретната понуда. Критериумите за избор треба да се однесуваат на предметот на набавката и да овозможат мерење на економската предност на понудата, како што се квалификациите, искуството и методологијата на конкретно предложениот надзорен тим при набавка на надзор на пример. Ваквиот начин на поставување на критериумите може да доведе до неоправдано фаворизирање на одреден понудувач во однос на останатите, што е спротивно на начелата на еднаков третман, недискриминација и фер конкуренција, признати и во правото на Европската Унија.

3. Исто така, утврдени се случаи на бодување на минимални услови од спецификациите, иако истите се елиминаторни. Констатирано е и бодување на стандарди кои доколку се суштински за реализација на договорот треба да се содржани како минимални во техничките спецификации. Со предвидување на најнови стандарди кои ги има само еден оператор, кои не се пресудни за обезбедување квалитет во реализација на договорот, само се врши ограничување на конкуренцијата.
4. Даден е критериум за квалитет во тендерската документација, а не е дадена методологија за негово оценување и не е детално разработен начинот за доделување на бодови. Критериумите кои се бодуваат треба да бидат внесени во огласот по опаѓачки редослед, од оној критериум што носи најмногу бодови па надолу. Исто така, детали за методологијата и начинот како ќе бидат доделени бодовите, треба да бидат внесени во огласот за јавна набавка наместо да повикуваат на точки од техничката спецификација и тендерската документација, каде што е опишан начинот на бодување. Начинот за бодување треба да биде веднаш видлив, лесно достапен до сите заинтересирани, јавен и транспарентен.
5. Во одредени случаи се забележува несразмерност на бројот на бодови со начинот на нивна распределба, при што постои голема разлика во бодовите за мали разлики во условите што се бараат. Ова најчесто се забележува кај услугите за проектирање. Разликата од еден или два проекти кај некои договорни органи резултира со разлика од 20 или повеќе бодови согласно со начинот на бодување утврден во тендерската документација. Истото доведува до ограничување на конкуренцијата бидејќи оваа разлика во бодување на квалитетот не може да се достигне со разлика во цената од

страна на другите понудувачи, што ефективно ги ограничува да поднесат конкурентни понуди.

Во услови на ретко користење на критериумот цена/квалитет (околу 6% од вкупниот број на постапки), **индикативно е и тоа што, и оние малкуте објавени постапки каде што се бодува квалитетот да ги добива еден ист понудувач** . Особено е ова индикативно во контекст на претходно наведените забелешки (користење на нерелевантни критериуми и/или користење на критериуми за способност).[

Подолу се наведени примери од објавени огласи преку ЕСЈН со неправилна употреба, методологија и начин на користење на критериумот цена/квалитет. Важно е да се напомене дека иако поретко, сепак сеуште се јавуваат случаи каде договорните органи во огласот и тендерската документација немаат наведено како ќе биде начинот на распределба на бодовите, што е задолжително да се наведе.

*Табела 1.4 - Напомена: Податоците за елементите на критериумот за квалитет се изворно преземени од објавениот оглас без интервенции од страна на БЈН*

| **Договорен орган:** | **ЈП Солидарност Виница** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 00283/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Набавка на услуги за систематски здравствен преглед на вработените во ЈП „Солидарност“ Виница |
| **Елементи на критериум:** | |
| Квалитет; Цена<br>0 Потврди 1 Бод, - 1 Потврда 10 Бодови, - 2 Потврди 20 Бодови И - 3 Потврди 30 Бодови . | |

| **Договорен орган:** | **Филозофски факултет Скопје** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 00349/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Материјали за тековно одржување на зграда за електрична енергија, водовод и др. |
| **Елементи на критериум:** | |
| Квалитет; Цена<br>техничка вредност, квалитативни карактеристики на понудените производи и на производителот | |

| **Договорен орган:** | **Општина Карпош** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 00603/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Изработка на елаборати за геомеханички испитувања |
| **Елементи на критериум:** | |

| |
|---|
| Квалитет; Цена<br>СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ НАЧИН НА БОДУВАЊЕ 1. Стручен персонал- вработени односно ангажирани лица – а) 1(еден) дипломиран инженер по Геотехника со овластување Б за проектирање геотехника б) 1(еден) дипломиран инженер по Геотехника со овластување Б за изведба геотехника б) 1(еден) градежен техничар Вкупно 40 бода 15(петнаесет) бода 15(петнаесет) бода 10(десет) бода |

| Договорен орган: | Филозофски факултет Скопје |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 00661/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Средства за хигиена |
| **Елементи на критериум:** | |
| Квалитет; Цена *<br>техничка вредност, квалитативни карактеристики на понудените производи и на производителот. | |

**Напомена- не е наведен начинот на распределба на бодовите*

| Договорен орган: | Универзитет Св Климент Охридски Битола Научен институт за тутун -Прилеп |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 00887/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Услуги на надзор при изведување на градежно занаетчиски работи при изградба на оранжерија со повеќе лакови |
| **Елементи на критериум:** | |
| Квалитет; Цена<br>Реализирани договори за услуги од ист или сличен вид согласно предметната набавка во последните 5 (пет) години, – 50 бодови Доказ за елемент-квалитет - економскиот оператор треба да достави потврди за извршени исти или слични услуги од примателите на услугите (економски оператор или договорни органи) во последните 5 (пет) години, а ќе се евалуираат на следниов начин- За секоја потврда за успешно реализирана услуга се добиваат 10 (десет) бода, меѓутоа не можат да се добијат повеќе од 50 (педесет) бода. | |

| Договорен орган: | Општина Ѓорче Петров |
|---|---|
| **Број на оглас:** | **00970/2025** |
| **Предмет на набавка:** | Надзор над изградба на објект за детска градинка во н.Дексион |
| **Елементи на критериум:** | |
| Квалитет; Цена<br>За елементот квалитет се утврдуваат вкупно 80 бодови. Истиот се состои од три поделементи Поделемент 1 10 бода Поделемент 2 20 бода Поделемент 3 50 бода Распределбата на бодовите ќе се врши спрема бројот на вработени лица и бројот на вработени или ангажирани лица за вршење на надзор, како што е дефинирано во тендерската документација . | |

| Договорен орган | Радовиш - орган на општината |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 01551/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Собирање, згрижување и стручрн третман на кучиња скитници во општина Радовиш |

**Елементи на критериум:**

Квалитет; Цена
Рок на извршување - Понудата со најкраток рок на извршување добива максиум бодови (20 бода), додека останатите понуди ќе добијат помал број на бодови согласно формулата во тендерската документација

| Договорен орган | Општина Ресен |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 01688/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Изработка на проекти за инфраструктура и изработка на проекти за градба |

**Елементи на критериум:**

| |
|---|
| квалитет- искуство на персоналот; Цена<br>За елементот квалитет се утврдени вкупно 60 бодови, и истиот се состои од следниве поделементиЧ искуство на персоналот кој ќе ја извршува рамковната спогодба а ќе се евалуираат на следниов начинЧ Минимун 1 (еден) архитекти и 1(еден) градежен инжинер од кој - 1 (еден) архитект со овластување за проектирање за градби од втора категорија издадено од Комората на овластени архитекти и овластени инженери. - 1 (еден) градежен инжинер со овластување за проектирање за градби од втора категорија издадено од Комората на овластени архитекти и овластени инженери. Во врска со докажувањето на елементите на квалитетот – искуство на персоналот кој ќе биде вклучен во набавката и ќе биде на располагање ( ангажиран ) за цело времетраење на договорот за јавна набавка, потребно е да се доставаат следниве доказиЧ - ЦВ за претходно искуство - Изјава своерачно потпишана во хартија од самото лице ( архитект, градежен инжинер ) на кое се однесува елементот персонал – поделемент искуство на персоналот кој ќе го извршува договорот во која под целосна морална,кривична и материјална одговорност ќе го наведе точниот назив, деловоден број и датум на изработени проекти во кои самиот ги има изработено (за бараниот архитект, градежен инжинер), - Копија од овластувањето (за бараниот архитект, градежен инжинер), - Диплома за завршено висико образование (за бараниот архитект, градежен инжинер), - Потврда издадена од надлежен орган како доказ за вработените лица или договор на дело. БодувањеЧ за ДЕЛ 1 Од 2 (две) – 3(три) проектни документации за проекти за инфраструктура за линиски инфраструктурни објекти – 20 бода Од 4 (четири) – 5(пет) проектни документации за проекти за инфраструктура за линиски инфраструктурни објекти – 40 бода Над 6 (шест) проектни документации за проекти за инфраструктура за линиски инфраструктурни објекти – 60 бода БодувањеЧ за ДЕЛ 2 Од 2 (две) – 3(три) проектни документации за проекти за високо градба – 20 бода Од 4 (четири) – 5(пет) проектни документации за проекти за високо градба – 40 бода Над 6 (шест) проектни документации за проекти за високо градба – 60 бода НапоменаЧ Елемнтот „ квалитет “ ќе се бодира само во делот на понуденото што е еднакво или над минимун бараното, односно понудата ќе биде прифатлива само доколку понудувачот има минимун 1 еден градежен инжинер и 1 еден архитект со соодветното бартано образование, искуство и овластување. **Во спротивно понудата се отфрла од понатамошна еваулација. НапоменаЧ Економските оператори доставуваат проектнитни документации за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2 за последните две години од денот на отворање на понудите. Доставените проектни документации постари од две години нема да се бодуваат односно носат 0 - бода.** |

| **Договорен орган** | **Министерство за здравство** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 02205/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Изработка на ревизија на проектна документација на Проект за ренивирање на операциони сали ,нивни предпростории и ходници со машински соби во УКЦ Мајка Тереза |
| **Елементи на критериум:** | |

| |
|---|
| квалитет; Цена<br>За елементот квалитет се утврдени вкупно 60 бодови, и истиот ќе се евалуира врз основа на квалификации и искуство на персоналот кој ќе ја извршува ревизијата. . Градежен инженер (може да добие максимум 15 бода) -Машински инженер (може да добие максимум 15 бода) -Инженер архитект (може да добие максимум 15 бода) -Електро инженери (може да добие максимум 15 бода) |

| **Договорен орган** | **БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 04869/2025 |
| **Предмет на набавка:** | вршење на процена од овластен проценител на недвижен имот, подвижен имот и транспортни средства |
| **Елементи на критериум:** | |
| квалитет; Цена<br>Времетраење од нарачка до изработка на проценка Бодови 15 или повеќе од 15 работни денови 10 Од 6 до 14 работни денови 20 5 или помалку од 5 работни денови 30 | |

| **Договорен орган** | **ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 05022/2025 |
| **Предмет на набавка:** | СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ |
| **Елементи на критериум:** | |
| **работно искуство на Доктор по медицина на трудот; Цена**<br>**До 4 години работно искуство на Доктор по медицина на трудот – 10 бода Над 4 години работно искуство на Доктор по медицина на трудот – 20 бода** | |

| **Договорен орган** | **ЈП Чистота и зеленило - Куманово** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 05032/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Обука на вработени за заштита при работа |
| **Елементи на критериум:** | |
| Квалитет; Цена<br>Број на обуки на вработени за заштита при работа (за БЗР) на правни лица со над 150 вработени во изминатите 5 години. Од 1 (една) до 3 (три) извршени услуги за обука за БЗР во изминатите 5 години (за правно лице со над 150 вработени) - 20 бода За 4 (четири) и повеќе извршени услуги за обука за БЗР во изминатите 5 години (за правно лице со над 150 вработени) - 40 бода | |

| **Договорен орган** | **Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје** |
|---|---|
| **Број на оглас:** | 05083/2025 |
| **Предмет на набавка:** | Услуги за преведување |

| Елементи на критериум: |
|---|
| потврди за квалитетно и навремено извршени договори/преводи; Цена<br>3 потврди 8 бода 4-5 потврди 15 бодови 6 и над 6 потврди 20 бодови |

| Договорен орган | Општина Штип |
|---|---|
| Број на оглас: | 06111/2025 |
| Предмет на набавка: | Изработка на урбанистички проект и основен проект за собирна улица 3 со мост на р. Брегалница во Штип. |
| Елементи на критериум: | |
| Квалитет; Цена<br>За елементот квалитет се утврдени вкупно 60 бодови, и истиот се состои од следниве поделементиЧ 1. Подкритериум 1 - Листа на вработени/ангажирани стручни со Овластување за изработување на урбанистички планови (вкупно 30 бода). Листата е потребно да биде изготвена и потпишана со валиден дигитален сертификат од економскиот оператор и да содржиЧ - Име и Презиме, - Број на Овластување Листата е потребно да биде поткрепена со Листа на вработени од АВРСМ или договор за ангажирање на лице. Овој елементот квалитет ќе се евалуира на следниов начинЧ " 1 вработен/ангажиран - 10 бода " 2 вработени/ангажирани - 20 бода " 3 вработени/ангажирани - 30 бода *НапоменаЧ Во лицата приложени во овој подкритериум смеат да се поклопуваат со лицата дадени како доказ за докажување на способност за вршење на професионална дејност (доколку такви постојат). 2. Подкритериум 2 - Листа на вработени/ангажирани стручни со Овластување за проектирање на градби од А категорија (вкупно 30 бода). Листата е потребно да биде изготвена и потпишана со валиден дигитален сертификат од економскиот оператор и да содржиЧ - Име и Презиме, - Број на Овластување Листата е потребно да биде поткрепена со Листа на вработени од АВРСМ или договор за ангажирање на лице. Овој елементот квалитет ќе се евалуира на следниов начинЧ " 1 вработен/ангажиран - 10 бода " 2 вработени/ангажирани - 20 бода " 3 вработени/ангажирани - 30 бода За да се смета за квалификуван во постапката, економскиот оператор задолжително е да има добиено минимум по 10 бода и од двата подкритериуми. Доколку има 0 бодови од било кој од двата поткритериуми, понудата на економскиот оператор ќе се смета за неприфатлива, односно дека не ги исполнува минималните услови за критериумот квалитет. | |

| Договорен орган | Општина Желино |
|---|---|
| Број на оглас: | 13298/2025 |
| Предмет на набавка: | Реконструкција на дел од локален пат за с. Мерово |
| Елементи на критериум: | |

Еден Дипломиран Еколог; Еден дипломиран геодетски. инжинер (област Геодезија)со Овластување А или Б за изведба од Комора за овластени инженери и архитекти на РСМ; Цена

